КОМОРА НА ПРОЦЕНУВАЧИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 05-262/2
15.03 2016 год.
СКОПЈЕ

**Ревизија на Извештајот за процена на вредноста на подвижен имот, сопственост на друштвото ДППУ „ЈадранГоттино Фоодс“ ДООЕЛ од Неготино, изготвена од страна на ДИУП „Метода Плус“ ДООЕЛ од Кавадарци заведена под број 187/2 од 31.08.2015 година и Дополнување на Извештајот за процена на вредноста на подвижен имот и сопственост на друштвото ДППУ „ЈадранГоттино Фоодс“ ДООЕЛ од Неготино, изготвена од страна на ДИУП „Метода Плус“ ДООЕЛ од Кавадарци заведена под број308/2 од 31.12.2015 година.**

Од страна на правното лице “ЈадранГоттино Фоодс” ДООЕЛ од Неготино на ден 09.03.2016 година од Комората на проценувачи на РМ е побарано да се изврши ревизија на Извештајот за процена на редноста на подвижен имот сопственост на друштвото ДППУ “ЈадранГоттино Фоодс” ДООЕЛ од Неготино, изготвена од страна на ДИУП “Метода Плус” ДООЕЛ од Кавадарци заведена под број 187/2 од 31.08.2015 година и Дополнување на Извештајот за процена на вредноста на подвижен имот сопственост на друштвото ДППУ “ЈадранГоттино Фоодс” ДООЕЛ од Неготино, изготвена од страна на ДИУП “Метода Плус” ДООЕЛ од Кавадарци заведена под број 308/2 од 31.12.2015 година.

Во прилог на барањето е доставена следната документација:

- Копија од Извештајот за процена на вредноста на подвижен имот Ђ сопственост на друштвото ДППУ “ЈадранГоттино Фоодс” ДООЕЛ од Неготино, изготвена од страна на ДИУП “Метода Плус” ДООЕЛ од Кавадарци заведена под број 187/2 од 31.08.2015 година;

- Копија од Дополнување на Извештајот за процена на вредноста на подвижен имот сопственост на друштвото ДППУ “ЈадранГоттино Фоодс” ДООЕЛ од Неготино, изготвена од страна на ДИУП “Метода Плус” ДООЕЛ од Кавадарци заведена под број 308/2 од 31.12.2015 година; и

- Пропратни документи.

При разгледување на документацијата, Комисијата за ревизија утврди дека процената и дополнувањето на процената се насловени како извештај за процена на подвижен имот, а всушност од страна на проценувачот е извршена процена на 3 (три) различни области (транспортни средства, подвижен имоти машини и опрема).

Во извештаите проценувачот има приложено лиценци, и уверенија од областа на подвижен имот и машини и опрема, додека пак на истите има ставено печат од областа машини и опрема и транспортни средства.

Комисијата која што е составена од страна на Комората на проценувачи е за вршење на ревизија од областа машини и опрема, па од таа причина истата не може да се изврши ревизија на извештајот за процена, посебно што најпрво проценувачот треба да ги издвои изготвените процени пооделно и тоа:

- процена за подвижен имот,
- процена за машини и опрема и
- процена за транспортни средства.

Во табелата која што е дадена од страна на проценувачот не постои: набавна вредност на предметите на набавка, година на набавка и пуштање во употреба, не постои стапка на амортизација и слично, а воедно не се приложени никакви документи врз основа на кои што е изготвена процената (фактури и други докази).

Од страна на проценувачот не се дадени во прилог никакви споредбени податоци за да може да се утврди дали процената е точно извршена и воедно не е наведен методот (методите) врз основа на кој е изготвена процената.

**Резиме:** Комисијата за ревизија на процена од областа машини и опрема констатира дека во извештајот за процена и дополнувањето на извештајот не се дадени сите потребни параметриц врз основа на кои што е пресметана вредноста на транспортните средства, подвижни имоти машините и опремата и не е дадено објаснување кој метод е применет, заради што Комисијата не може да ја потврди вредноста која што е утврдена, ниту како е применета Методологијата.

**Заклучок:** Врз основа на горе наведеното, Комисијата не е воможност да изврши ревизија на Извештајот за процена на вредноста на подвижен имот и Дополнување на Извештајот за процена на вредноста на подвижен имот, ниту пак може со сигурност да се утврди дали процената е извршена во согласност со методите и како е применета методологијата, а воедно не е воможност да ја потврди вредноста која што е утврдена од овластениот проценувач.

**Комисија за ревизија на процената**
**од областа на машини и опрема**

Јане Дамјански - претседател

КОМОРА НА ПРОЦЕНУВАЧИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ